

Фото: Димитар Петровски

Неколку стотици љубители на уметноста не ја пропуштија можноста во Музејот на современата уметност во Скопје да ги видат фотографиите од Јан Саудек, најпознатиот чешки фотограф, кој е одамна влезен во светскиот Пантеон на сниматели на 20 век. Иако со преразголени женски полови органи за македонскиот менталитет, обременети со премногу неодговорени морални прашања за сечиј менталитет, Саудек сепак претстави дела со прекрасна лирика. За жал, отворањето го засенија техничките проблеми со озвучувањето и неклиматизираната галерија во Музејот на скопското Кале. Од врева та не можеа да се чујат говорите на министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска, гостинот од Чешка, Зденек Кочик и директорката на МСУ Елиза Шулевска. Едноставно, се доби впечаток дека македонската публика е непристојна и недорасната за величината на изложбата. (В.И.)